- Државната комисија за спречување на корупцијата да донесе актот со кој ќе се уреди воспоставувањето, формата и начинот на остварувањето на соработката во рамки на мрежата за соработка меѓу лицата за прием на пријави од укажувачи овластени во институциите во јавниот сектор. Рок: 60 дена од денот на влегувањето во сила на законот./
  Komisioni Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit të miratojë aktin që do të rregullojë krijimin, formën dhe mënyrën e realizimit të bashkëpunimit në kuadër të rrjetit të bashkëpunimit ndërmjet personave për pranimin e sinjalizimeve nga sinjalizuesit e autorizuar në institucionet e sektorit publik. Afati: 60 ditë nga data e hyrjes në fuqi të ligjit.
- Раководните лица во субјектите за кои е предвидена должност да овластат лице за прием на пријави од укажувачи да донесат внатрешни процедури за прием на пријави од укажувачи и изготвување на годишни извештаи за примени пријави од укажувачи. Рок: 10 месеци од влегувањето во сила на законот./
  Personat udhëheqës në subjektet për të cilat parashikohet detyrimi të autorizojnë një person për pranimin e sinjalizimeve nga sinjalizuesit të miratojnë procedura të brendshme për pranimin e sinjalizimeve nga sinjalizuesit dhe përgatitjen e raporteve vjetore për sinjalizimet e pranuara nga sinjalizuesit. Afati: 10 muaj nga hyrja në fuqi e ligjit.

*Примената на актите да започне со почетокот на примената на законот.*
*Zbatimi i akteve të fillojë me fillimin e zbatimit të ligjit.*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување/ Organet e administratës shtetërore, organet shtetërore dhe organet e tjera kompetente për zbatimin*

Има. Види во Прилог 7 на овој извештај/
Ka. Shih në Shtojcën 7 të këtij raporti.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон/ Aktivitetet për të siguruar zbatimin efikas të ligjit të propozuar*

Има. Види во Прилог 8 на овој извештај
Ka. Shih në Shtojcën 8 të këtij raporti.

## 8. Следење и евалуација/ Monitorimi dhe vlerësimi

*8.1 Начин на следење на спроведувањето / Mënyra e monitorimit të zbatimit*

Оценка на спроведувањето на ЗЗУ, согласно Методологијата за оценка на спроведување на регулативата[xxiii].

Vlerësim i zbatimit të LMD-së, në përputhje me Metodologjinë për vlerësimin e zbatimit të rregullativës.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови/ Vlerësimi i efekteve të propozim-ligjit dhe afatet*

Оценка на спроведувањето на ЗЗУ за секои три години од примената - извештај од оценката да се подготвува во рок од една година по изминувањето на тригодишниот период на кој се однесува извештајот.

Vlerësimi i zbatimit të LMD-së për çdo tre vjet nga zbatimi - raport nga vlerësimi të përgatitet brenda një viti pas periudhës trevjeçare të cilës i referohet raporti.

Предвидените индикатори се дадени во Прилог 9 на овој извештај.
Treguesit e parashikuar janë dhënë në Shtojcën 9 të këtij raporti.

**Изјава од државниот секретар/ Deklarata e Sekretarit të Shtetit**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот./ Draft Raporti i Vlerësimit të Ndikimit Rregullator është përgatitur në përputhje me Metodologjinë e Vlerësimit të Ndikimit të Rregullatorit. Kjo siguron vlerësim real të ndikimeve të mundshme dhe efekteve të pritshme, si dhe kostove që lidhen me secilën prej zgjidhjeve (opsioneve) të mundshme të përcaktuara për zgjidhjen e problemit.**

**Датум/Data:** 01.12.2023

..........................................
**потпис на државен секретар**
**nënshkrimi i Sekretarit shtetëror**

..........................................
**ОДОБРИЛ / MIRATOI,**
**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА / MINISTËR I DREJTËSISË**
**Кренар Лога / Krenar Lloga**

Подготвил/ Përgatiti: Елена Димовска, раководител на одделение
Проверил/Kontrolloi: Тања Кикерекова, раководител на сектор
Превел/Përktheu: Бестел ДООЕЛ

[i] „Службен весник на Република Македонија" бр. 196/2015

[ii] Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, Правилник за заштитено надворешно пријавување и Правилник за насоки за донесување внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор, сите објавени во објавени во („Службен весник на Република Македонија", бр. 46/2016)

[iii] Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2018), усогласување со мислење на Венецијанската комисија, бр. 829/2015 CDL-AD(2016)008 од 15 март 2016 год.

[iv] Закон за изменување на Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/2020), усогласување со Законот за прекршоците (Службен весник на Северна Македонија" бр. 96/2019

[v] Конвенција на Обединетите нации против корупцијата, членови 8, 13, 32 и 33. Донесувањето на ЗЗУ е идентификувано како добра пракса, во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата во Република Македонија.

[vi] Препораката CM/Rec(2014)7 на Комитетот на министри на земјите членки на Совет на Европа, април 2014 година, Цивилната конвенција за спречување корупција, член 9, Казнената конвенција за корупција, член 22.

[vii] Меѓу кои се и „Патоказ за имплементирање на системот на свиркачи во Македонија", Дејвид Смит, февруари 2013 година; The protection of "whistle-blowers" Report, Committee on Legal Affairs and Human Rights, Rapporteur: Mr. Pieter Omtzigt; Whistleblowing in Europe: Legal protections for whistleblowers in the EU, Transparency International, 2013; P. Stephenson and Professor M.Levi (2012), The Protection of Whistleblowers: a study on the feasibility of a legal instrument on the protection of employees who make disclosures in the public interest," CDCJ (2012) 9FIN; OECD G20 Study on Whistleblower Protection Frameworks,Compendium of Best Practices and Guiding Principles for Legislation, 2012.

[viii] ГАП анализа на Законот за заштита на укажувачите на Северна Македонија Прекинување на тишината: Унапредување на политиките и културата на укажување на земјите од Западен Балкан и Молдавија - Извадок од „ГАП анализа на законите за заштита на укажувачите во земјите од Западен Балкан и Молдавија", август 2021 година, изработена со финансиска поддршка од Европската Унија, во рамки на проект на Регионалната анти-корупциска иницијатива; Технички документ „Оценка на сообразноста на македонската законска рамка за заштита на укажувачи со меѓународните стандарди и добри практики", јуни 2020 година, подготвен од проф. Дејвид Луис, експерт на Совет на Европа, во рамки на Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Турција II - Акција против економски криминал (HFII-AEC-MKD)

[ix] Обезбедува широк опфат за појавување во својство на укажувач (персонален опфат), како и целосен опфат за постапување кое може да биде предмет на заштитено пријавување (материјален опфат), има одредби за доверливост и соодветни процесни одредби за навремено постапување, според најдобри практики, а и содржи одредби за годишна оценка и надзор.

[x] Ова е забележано и во извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2021 и 2022 година.

[xi] Член 15-а од ЗЗУ

[xii] Ѓодишен извештај за примени пријави од укажувачи, со оценка на спроведувањето на Законот за заштита на укажувачи, декември 2017 год.

[xiii] Извештај за квантитативно истражување за перцепциите и ставовите на граѓаните за укажувачите, спроведенло во 2020 година, м-проспек за потребите на ДКСК, во рамки на Проектот „Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација", финансиран од Европската унија, а имплементиран од страна на конзорциум предводен од PwC. Според извештајот, терминот „укажувач" е познат и јасен за секој трети испитаник, додека секој петти го слушнал терминот, но не знае што значи. Скоро половина (46%) не чуле за овој термин. Перцепцијата дека овие луѓе се херои ја делат 21%, од оние кои ги разбираат овие термини. Додека пак слично (19.2%) сметаат дека се поткажувачи. Најголем процент (38.5%) сметаат дека овие луѓе не се ниту херои ниту поткажувачи, но сепак повеќето за нив имаат позитивно мислење.

[xiv] Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година, Поглавје 3.12. Примена на Законот за заштита на укажувачи – ЗЗУ.

[xv] Постојат и институции каде што има назначено лице за прием на пријави од укажувачи, но не е исполнет условот за заштитено пријавување односно посебна адреса за е-пошта, телефонски број или поштенско сандаче за прием на пријавите, со тоа што идентитетот на укажувачот останува незаштитен. назначувањето на лицето овластено за прием на пријави од укажувачи не е проследено со информација до вработените во институцијата за постоењето на такво лице. (Извор: Извештај за првите пет години од имплементацијата на Законот за заштита на укажувачи - Значењето на овој закон во борбата против корупцијата, Транспаренси Интернешнл - Македонија, мај 2022 год., стр. 4-5)

[xvi] Оценка на спроведувањето на Законот за заштита на укажувачи, Министерство за правда, 2019 година

[xvii] Ibid.

[xviii] Ibid.

[xix] Ibid.

[xx] На пр. Како некои од причините за неназначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи беше наведено дека нема лица коишто поседуваат безбедносен сертификат, немаат соодветно образование, ниту пак искуство во работа со пријави по граѓани или укажувачи. (Извор: Извештај за првите пет години од имплементацијата на Законот за заштита на укажувачи - Значењето на овој закон во борбата против корупцијата, Транспаренси Интернешнл - Македонија, мај 2022 год., стр. 4-5)

[xxi] „Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019

[xxii] Критериуми за определување на тоа кое лице да се овласти за прием на пријави од укажувачи, како и условите што треба да се обезбедат за овластените лица за прием на пријави од укажувачи се уредени со подзаконски акти.

[xxiii] Објавена од Министерството за информатичко општество и администрација во 2013 година.

**ПРИЛОГ 1**

| Состав на Работната група за подготовка на Предлог на закон за заштита на укажувачи и претставници кои зеле учество на состаноците на Работната група | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | Институција/Организација | Позиција | Својство во Работната група |
| Софка Пејовска Дојчиновска | Државна комисија за спречување на корупцијата | Член на ДКСК | Претседател |
| Ирена Поповска | Државна комисија за спречување на корупцијата | Генерален секретар на ДКСК | Заменик претседател |
| Никола Прокопенко | Министерство за правда | Државен советник | Член |
| Елена Димовска | Министерство за правда | Раководител на одделение | Член и Секретар |
| Александра Палашевска | Основен граѓански суд | Судија | Член |
| Маја Димитровска | | Судија | Заменик член |
| Џелал Бајрами | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија | Јавен обвинител | Член |
| Елвин Вели | | Јавен обвинител | Заменик член |
| Бодан Лазаревски | | Јавен обвинител | Заменик член |

**ПРИЛОГ 1**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вида Поповска Кочишка | Народен правобранител | Советник | Член |
| Милка Муратовска | | Советник | Заменик член |
| Сашо Мержаноски | Инспекциски совет | Генерален секретар | Член |
| Чедомир Стефаноски | | Помлад соработник | Член |
| Сара Николовска | | Раководител на одделение | Заменик член |
| Митре Цветановски | Министерство за внатрешни работи | Началник на одделение | Член |
| Сашко Тодоров | | Началник на одделение | Заменик член |
| Елена Иванова | Кабинет на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење | Советник | Член |
| Деспина Илиевска | | Советник | Заменик член |
| Симона Ристевска | | Дополнителен претставник | / |

**ПРИЛОГ 1**

| | | | |
|---|---|---|---|
| проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје | Редовен професор | Член |
| проф. д-р Богданчо Гогов | Факултет за безбедност - Скопје | Вонреден професор | Член |
| проф. д-р Катерина Крстевска Савовска | | Редовен професор | Заменик член |
| Слаѓана Тасева | Платформа на граѓански организации за борба против корупција | Член на Одборот на Платформата/ Претставник на ТИ-Македонија | Член |
| Викторија Милеска Цветаноска | | Претставник на ТИ-Македонија | / |
| Сашо Дукоски | Сојуз на стопански комори на Македонија | Потпретседател на Сојузот | Член |
| Симона Тасеска | | | Заменик член |
| Михајло Донев | Стопанска комора на Северна Македонија | в.д. Оперативен директор | Член |
| Сашо Деспотоски | | Соработник | Заменик член |
| Миле Бошков | Бизнис конфедерација на Македонија | Извршен директор | Член |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јодранка Богатиновска | | Односи со јавност | Заменик член |
| Билјана Крстевска | Стопанска комора на Северо-западна Македонија | Адвокат | Член |
| Мерита Ахмеди | | Административен и финансиски асистент | Заменик член |
| Ана Димоска Јанкуловска | Македонска банкарска асоцијација | Директор на оддел во банка | Член |
| Андриана Матлиоска | | Одговорно лице за контрола за усогласеност со прописи во банка | Заменик член |
| вон. проф. Блертон Синани | Правен факултет на Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово | Вонреден професор | Член |
| вон. проф. Сами Мемети | | Вонреден професор | Заменик член |
| проф. Али Муслиу | Правен факултет на Универзитет во Тетово | Редовен професор | Член |
| Љупчо Фармакоски | Огранизација на работодавачи на Македонија | Потпретседател за регулатива и колективно преговарање | Член |
| Марина Атанасова | | Шеф на кабинет - Гранит | Заменик член |

**ПРИЛОГ 1**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Весна Кузманова Тодоровска | Сојуз на синдикатите на Македонија | Претставник | Член |
| Гуле Гулев | | Претставник | Заменик член |

**ПРИЛОГ 2**

АДМИНИСТРАТИВНИ ВЛИЈАНИЈА И ТРОШОЦИ

а) трошоци за спроведување:

Опција 0: Трошоците се непроменети.

Опција 1: Трошоците што се предвидуваат за Опција 2, без трошоците за обезбедување на наведените човечки и технички ресурси, како и трошоците за предвидените активности за промоција на системот на заштитено пријавување.

Опција 2:

(1) Трошоци за раководните лица во субјектите кои се должни да овластат лице за прием на пријави од укажувачи поднесени заради заштитено внатрешно пријавување (во јавниот сектор и во приватниот сектор) односно заштитено надворешно пријавување (субјектите од јавниот сектор до кои се врши заштитено надворешно пријавување):

- трошоци за известување на ДКСК со податоци за овластеното за прием на пријави од укажувачи;

- трошоци за објавување на податоците за овластеното за прием на пријави од укажувачи (адаптирање содржини на веб-страницата на субјектот);

- трошоци за обезбедување и примена на соодветни технички и организациски мерки за заштита на податоците од случајно или незаконско нивно уништување, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка;

-трошоци за обезбедување на услови и ресурси за овластеното лице за прием на пријави од укажувачи:

- простор за работа соодветен за прием на странки,
- посебен компјутер обезбеден со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице за прием на пријави од укажувачи и позната само нему, со интернет конекција и посебно електронско сандаче за електронска пошта обезбедено со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице за прием на пријави од укажувачи и позната само нему,
- посебен деловодник,
- посебно поштенско сандаче,
- посебна телефонска линија,
- документарен ормар за безбедно чување на примените пријави од укажувачи, записниците, примените и создадените документи и други материјали во врска со заштитено пријавување и посебниот деловодник,
- друга опрема за примена на техничките и организациски мерки за заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а предвид прописите за заштита на личните податоци и прописите за заштита на класифицирани информации,
- обука за добивање знаења и вештини за прием на пријави од укажувачи и преземање на дејствијата кои ги презема овластеното лице за прием на пријави од укажувачи согласно овој закон и
- додаток на плата кој изнесува најмалку 30% од основната плата на лицето

кое се овластува за лице за прием на пријави од укажувачи, доколку лицето е вработено на работно место чиј опис на работни задачи не опфаќа прием на пријави за неправилности;

- трошоци за обезбедување достапност и пристапност за вршење заштитено пријавување;

- трошоци (административен товар) бесплатно советување и информирање за системот на заштитено пријавување и правото на заштита што се обезбедува преку овластените лица за прием на пријави од укажувачи;

- трошоци за подготовка на внатрешна процедура за прием на пријави од укажувачи и изготвување на годишен извештај за примени пријави од укажувачи;

- трошоци за изготвување и поднесување годишен извештај за примени пријави од укажувачи;

(2) Трошоци за раководните лица во субјектите до кои се поднесува барање за заштита кое се поднесува во случај на прекршување на право поради обид или извршено заштитено пријавување односно укажување: - трошоци за административна проверка на барањето, обезбедување на информации и преземање на мерки;

(3) Други фискални импликации[1]:

- Ослободување од судска такса - Укажувачите односно лицата кои согласно законот може да поведат судска постапка за обезбедување судска заштита поради прекршување на право поврзано со заштитено пријавување/укажување се ослободени од плаќање судска такса;
- Трошоци за обезбедување човечки и технички ресурси за вршење надзор над спроведувањето на одредбите од законот, подготовка на годишна програма, коресподенција, посета на субјектите кои се предмет на надзорот, анализа на податоци, подготовка на извештаи, и за поднесување барања за поведување прекршочна постапка;
- Трошоци за обезбедување човечки и технички ресурси за вршење оценка на спроведувањето на законот и подготовка на извештај;
- Трошоци за спроведување активности за промоција на системот на заштитено пријавување (обуки, советувања, давање насоки за правилна примена на законот, работилници, кампања за развивање на јавната и институционалната свест за заштитеното пријавување, укажувањето и улогата на укажувачите во заштитата на јавниот интерес);
- Трошоци за подготовка и објавување на Регистар на овластени лица за прием на пријави од укажувачи;
- Трошоци за олеснување на соработката лицата за прием на пријави од укажувачи овластени во институциите во јавниот сектор (формирање мрежа, организирање состаноци);
- Трошоци за подготовка на подзаконските акти кои ги донесува министерот за правда;
- Трошоци за подготовка на подзаконските акти кои ги донесува Државната комисија за спречување на корупцијата, како и за собирање и обработка на податоците за подготовка на годишниот извештај за прием на пријави од укажувачи кој се доставува до Собранието на Република Северна Македонија.

---

[1] Види и точка (1) алинеја 4

**ПРИЛОГ 3**

## АДМИНИСТРАТИВНИ ВЛИЈАНИЈА И ТРОШОЦИ

б)трошоци за почитување на регулативата

Опција 0: Трошоците се непроменети.

Опција 1: Трошоците што се предвидуваат за Опција 2, без трошоците за обезбедување на наведените човечки и технички ресурси, како и трошоците за предвидените активности за промоција на системот на заштитено пријавување.

Опција 2:

(1) Трошоци за раководните лица во субјектите кои се должни да овластат лице за прием на пријави од укажувачи поднесени заради заштитено внатрешно пријавување (во јавниот сектор и во приватниот сектор) односно заштитено надворешно пријавување (субјектите од јавниот сектор до кои се врши заштитено надворешно пријавување):

- трошоци за известување на ДКСК со податоци за овластеното за прием на пријави од укажувачи;
- трошоци за објавување на податоците за овластеното за прием на пријави од укажувачи (адаптирање содржини на веб-страницата на субјектот);
- трошоци за одржување на примената на соодветни технички и организациски мерки за заштита на податоците од случајно или незаконско нивно уништување, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка;
- трошоци за одржување на условите и ресурсите за овластеното лице за прием на пријави од укажувачи:
    - простор за работа соодветен за прием на странки,
    - посебен компјутер обезбеден со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице за прием на пријави од укажувачи и позната само нему, со интернет конекција и посебно електронско сандаче за електронска пошта обезбедено со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице за прием на пријави од укажувачи и позната само нему,
    - посебен деловодник,
    - посебно поштенско сандаче,
    - посебна телефонска линија,
    - документарен ормар за безбедно чување на примените пријави од укажувачи, записниците, примените и создадените документи и други материјали во врска со заштитено пријавување и посебниот деловодник,
    - друга опрема за примена на техничките и организациски мерки за заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а предвид прописите за заштита на личните податоци и прописите за заштита на класифицирани информации,
    - обука за добивање знаења и вештини за прием на пријави од укажувачи и преземање на дејствијата кои ги презема овластеното лице за прием на пријави од укажувачи согласно овој закон и
    - додаток на плата кој изнесува најмалку 30% од основната плата на лицето

кое се овластува за лице за прием на пријави од укажувачи, доколку лицето е вработено на работно место чиј опис на работни задачи не опфаќа прием на пријави за неправилности;

- трошоци за обезбедување достапност и пристапност за вршење заштитено пријавување;
- трошоци (административен товар) за бесплатно советување и информирање за системот на заштитено пријавување и правото на заштита што се обезбедува преку овластените лица за прием на пријави од укажувачи;
- трошоци за изготвување и поднесување годишен извештај за примени пријави од укажувачи;

(2) Трошоци за раководните лица во субјектите до кои се поднесува барање за заштита кое се поднесува во случај на прекршување на право поради обид или извршено заштитено пријавување односно укажување: - трошоци за административна проверка на барањето, обезбедување на информации и преземање на мерки;

(3) Други фискални импликации[1]:

- Ослободување од судска такса - Укажувачите односно лицата кои согласно законот може да поведат судска постапка за обезбедување судска заштита поради прекршување на право поврзано со заштитено пријавување/укажување се ослободени од плаќање судска такса;
- Трошоци за одржување оптимални човечки и технички ресурси за вршење надзор над спроведувањето на одредбите од законот, подготовка на годишна програма, коресподенција, посета на субјектите кои се предмет на надзорот, анализа на податоци, подготовка на извештаи, и за поднесување барања за поведување прекршочна постапка;
- Трошоци за спроведување активности за промоција на системот на заштитено пријавување (обуки, советувања, давање насоки за правилна примена на законот, работилници, кампања за развивање на јавната и институционалната свест за заштитеното пријавување, укажувањето и улогата на укажувачите во заштитата на јавниот интерес);
- Трошоци за ажурирање на Регистарот на овластени лица за прием на пријави од укажувачи;
- Трошоци за олеснување на соработката лицата за прием на пријави од укажувачи овластени во институциите во јавниот сектор (формирање мрежа, организирање состаноци);
- Трошоци за собирање и обработка на податоците за подготовка на годишниот извештај за прием на пријави од укажувачи кој се доставува до Собранието на Република Северна Македонија.

---

[1] Види и точка (1) алинеја 4

**ПРИЛОГ 4**

## ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ - СУБЈЕКТИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР И ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

(1) Раководните лица во субјектите - институциите од јавниот сектор и правните лица во приватниот сектор.

Исклучоци:

(2) Раководните лица во субјектите што имаат помалку од 30 вработени, кои не вршат дејности односно работи од точка (3), како и единиците на локалната самоуправа со помалку од 6.000 жители резидентно население според последно спроведениот попис на населението во Република Северна Македонија, освен доколку за субјектите со друг закон не е утврдена должност да определат, назначат или вработат лице за прием на претставки или пријави за неправилности од материјалниот опфат на овој закон или други неправилности.

(3) Дејности односно работи за здравствена заштита, социјална заштита, транспорт, управување со отпад или производство односно преработка, транспорт или складирање на хемикалии, хемиски производи, нафта, нафтени деривати, фармацевтски производи или фармацевтски препарати.

**ПРИЛОГ 5**

Работната група за подготовка на Предлог на закон за заштита на укажувачи, чиј состав е даден во Прилог 1, е формирана во мај 2023 година.

Работната група одржа 15 состаноци на кои го изработи Нацрт-законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи. На два состанока (одржани во мај и ноември 2023 година) учествуваше и проф. Дејвид Луис, експерт ангажиран од Совет на Европа, во рамки на проект имплементиран од Програмската канцеларија на Совет на Европа - Проект против економски криминал.

**ПРИЛОГ 6**

## *Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *Опција 0 (Не прави ништо):* | *Нема дополнителни фискални импликации* | *Неусогласеност на регулативата во областа заштитено пријавување и заштита на укажувачи, неефикасност на системот за заштитено пријавување како резултат на недостатоците кои предизвикуваат недоследна примена на постојниот Закон за заштита на укажувачи* |
| *Опција 1 (Регулаторна мерка):* | *Посредно ограничено позитивно економско, фискално и социјално влијание и влијание врз животната средина* | *Има фискални импликации. Има ризици за недоследна примена на предложената регулаторна мерка, поради неподготвеност на субјектите.* |
| *Опција 2 (Комбинација од регулаторни и нерегулаторни мерки):* | *Позитивно економско, фискално и социјално влијание и влијание врз животната средина* | *Има фискални импликации. Има ризици за недоследна примена на предложената регулаторна мерка, во случај на недостиг на средства за реализација на нерегулаторните мерки.* |

**ПРИЛОГ 7**

Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

(1) Институциите од јавниот сектор[1]

Исклучоци:

(2) Субјектите што имаат помалку од 30 вработени, кои не вршат дејности односно работи од точка (3), како и единиците на локалната самоуправа со помалку од 6.000 жители резидентно население според последно спроведениот попис на населението во Република Северна Македонија, освен доколку за субјектите со друг закон не е утврдена должност да определат, назначат или вработат лице за прием на претставки или пријави за неправилности од материјалниот опфат на овој закон или други неправилности.

(3) Дејности односно работи за здравствена заштита, социјална заштита, транспорт, управување со отпад или производство односно преработка, транспорт или складирање на хемикалии, хемиски производи, нафта, нафтени деривати, фармацевтски производи или фармацевтски препарати.

---

[1] Под поимот „институција во јавниот сектор“ во смисла на овој закон се подразбира орган на државната или локалната власт, друг државен орган основан согласно Уставот на Република Северна Македонија или со закон, агенција, фонд, јавна установа или јавно претпријатие основано од Република Северна Македонија или од општина или Град Скопје или општина во Град Скопје, како и друга институција која е регистрирана како правно лице во доминантна или целосна сопственост на државата или врши јавни овластувања.

**ПРИЛОГ 8**

Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Се предвидува, Државната комисија за спречување на корупцијата, во соработка со Народниот правобранител на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерство за информатичко општество и администрација и Академијата за судии и јавни обвинители, да спроведува активности за:

- обуки,
- развивање на јавната и институционалната свест за заштитеното пријавување, укажувањето и улогата на укажувачите во заштитата на јавниот интерес и
- да дава насоки за правилна примена на законот, по барање на субјектите.